*Блаже Конески, Скопје*

# ВИНОВНИК

*И без да сакаш, рушител на среќа*
*на дете на сон што го губи здивот.*
*Па каква уште напред демне смеќа*
*во твојот двоен, преполовен живот?*

*Ни себе близок ни добар за други,*
*во матни витли те завлекле води.*
*Те колнат како измамени слуги*
*тие што мајка за тебе ги роди.*

*И без да сакаш, виновник на таги*
*за тие што те избрале со вера.*
*И вистини престорени во лаги*

*за сека вредност поставиле мера,*
*да бараш сметен од лилјаци траги*
*во некој самрак од лани до вчера.*